Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

**Архивски број: УП I бр. 25-204**
**Скопје. 220319 .2019 година**

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово УП I бр.25-204 од 04.03.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, за вршење на работи на техничка служба, која ги врши стручните и техничките работи во постапка на:

   а) - **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R, C и S** согласно член 57 став (1) алинеја 3 од Законот за возила и член 2 став (1) и (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10), на следните испитни места:

испитно место бр.1 МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, ул. Скопски Пат бр.7, Тетово;
- испитно место бр.2 - Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје и
- инспитно место бр.3 - КУЗЕ МОТОРС на ул. Теодосија Паунов бр. 109, Кочани.

   (б) - **Одобрување на преправени и поправени возила**, согласно член 6 точка 1, 2, 3, 4, 5, 8, 10, 16, 18 и 19 и член 7 по точка 1, 3, 4, 5, 7, 8, 12 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/10) на следните испитни места:

- испитно место бр.1 МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, ул. Скопски Пат бр.7, Тетово;
- испитно место бр.2 - Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје; и
- инспитно место бр.3 - КУЗЕ МОТОРС на ул. Теодосија Паунов бр. 109, Кочани.

   **(в) - одобрување на тип на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C и S** согласно член 57 став (1) алинеја 1 и став (3) од Законот за возила, Правилникот за одобрување на нови моторни возила и приклучни возила, системи, составните делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија“бр.132/209 и 95/12), Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2009), Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/2009) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптеретување на возилата на испитното место

- испитно место бр.2 - Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје.

(г) - **Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациони ознаки на возила (број на шасија и број на мотор)** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и член 15 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.109/16) на следното испитно место:

-- испитно место бр.2 - Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје.

(д) **Идентификација и оцена на техничка состојба на мобилни машини согласно член 21 став (4) од Правилникот за единечно одобрување на возило на**

-- испитното место бр.2- Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје.

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението УП I бр.25- 48 од 27.04.2018 година.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-204 од 04.03.2019 година со кое барада се донесе решение за овластување за техничка служба на член 56 став (1) од Законот за возила, поради кадровски промени, проширување на опсегот на акредитација и отварање на нови инспекциски места.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-177/3 од 28.02.2019 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр. ИТ-095 од 30.12.2015 година со важност до 29.12.2019 година и неговиот Прилог издаден на 14.12.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово се овластува за техничка служба за следните постапки по испитни места:

а) - Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R, C и S согласно член 2 став (1) и (3) од Правилникот за единечно одобрување на; и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, на следните испитни места:

- испитно место бр.1 МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, ул. Скопски Пат бр.7, Тетово;
- испитно место бр.2- Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје и
- инспитно место бр. 3- КУЗЕ МОТОРС на ул. Теодосија Паунов бр. 109, Кочани.

(б) - Одобрување на преправено возило од категориите, согласно член 7 (секторски по точка 1 (ТНГ), 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила) на следните испитни места:

- испитно место бр.1 МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, ул. Скопски Пат бр.7, Тетово;
- испитно место бр.2 - Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје; и
- инспитно место бр. 3 - КУЗЕ МОТОРС на ул. Теодосија Паунов бр. 109, Кочани.

(в) - одобрување на тип на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C и S согласно член 57 став (1) алинеја 1 и став (3) од Законот за возила, Правилникот за одобрување на нови моторни возила и приклучни возила, системи, составните делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила; Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала; Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори; и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптеретување на возилата на испитното место бр.2- Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје.

(г) - Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациони ознакина возила (број на шасија и број на мотор) согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и член 15 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на); на испитното место бр.2- Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Биро за метрологија со бр. 1609-177/3 од 28.02.2019 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр. ИТ-095 од 30.12.2015 година со важност до 29.12.2019 година и Прилогот кон сертификатот за акредитација на инспекциско тело бр. ИТ-095 издаден на 14.12.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Известување за вработените од МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово кои учествуваа во надзорното оценување за проширување на опсегот на регистрација бр.08-99/12 од 14.12.2018 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Доказ за тековната состојба на правното лице издаден од Централниот регистар на Република Македонија - трговски регистар и регистарот на други правни лица, со деловоден бр.0805-50/150120180050629 од 07.09.2018 година;

- Договор за закуп на деловен простор:

Договор за користење на деловен склучен на ден 23.12.2015 година за неопределен временски период (член 4) помеѓу Д.Т.И.А.М.В. МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово и Д.П.Т.У. МГ АУТОТЕЦХ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово;

- Договор за дековно техничка соработка склучен на ден 01.10.2018 година помеѓу Д.Т.И.А.М.В. МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово и ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ НА ГРАД СКОПЈЕ. Согласно член 15 во кој се наведува дека договорот е склучен за период од 5 години;
- Договор за деловно техничка соработка склучен на ден 22.06.2017 година за неопределен временски период помеѓу Д.Т.И.А.М.В. МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово и Д.Т.У.У КУЗЕ 2000 ДООЕЛ- подружница КУЗЕ МОТОРС Кочани

- Доказ за за техничка опременост, Список на опрема наведена во Извештај бр.055 од 09.02.2018 и Извештај бр. 36/2018 од 21.09.2018 и Изјава од управителот Даниела Перканоска за поседување на деловен простор и опрема бр.0102/1/19 од 04.02.2019 година;

- Оценка на финансиска ликвидност со мислење со 2017 година, број 0912-28/29 од 23.11.2018 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;

- Доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност од дејност со ЕУРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ, полиса бр. 13023000014044/0 со важност до 24.12.2019 година;

- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за лицата вработени во::

а) испитно место бр.1 МГ АУТО ИНСПЕКТ ДОО Тетово, ул. Скопски Пат бр.7, Тетово

- Тодоровски Перица, дипл. маш. инг.
- Дејан Јаков, дипл. маш. инг.
- Љубе Павлески, дипл. маш. инг.

б) испитно место бр.2- Здружение на возачи на ул. Народни Херои бр.16, Скопје

- Фидановски Горан дипл. маш. инг.
- Глигоров Петар, дипл. маш. инг.
- Јошевски Симеон, дипл. маш. инг.
- Лекиќ Бојан, дипл. маш. инг.
- Делевски Марјан, дипл. маш. инг.

в) инспитно место бр. 3- КУЗЕ МОТОРС на ул. Теодосија Паунов бр. 109, Кочани

- Талента Александар, дипл. маш. инг.
- Атанасов Горан, дипл. маш. инг.
- Петрова (Калинова) Билјана, дипл. маш. инг.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Со почит

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi